

# МОНИТОРИНГ
## ОПШТИНИТЕ И РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

декември 2024



# Содржина


**ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА** 01

**КЛУЧНИ НАОДИ** 03

**КВАЛИТАТИВЕН ПРЕСЕК ПО ОПШТИНИ** 08

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА 08

ОПШТИНА ВЕЛЕС 11

ОПШТИНА КУМАНОВО 12

ОПШТИНА СТРУМИЦА 14

ОПШТИНА БОСИЛОВО 18

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ 22

ОПШТИНА ЛОЗОВО 23

ОПШТИНА НОВО СЕЛО 24



# 1. Вовед и методологија

Во Република Северна Македонија постои широка национална стратешка и законска рамка за воспоставување и промовирање на родовата еднаквост во општеството: Закон за еднакви можности на жените и мажите, Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027, Национален план за родова еднаквост 2022 - 2024, Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 и др. Сите овие документи ги артикулираат прашањата за родовата еднаквост, преку низа институционални заложби, мерки и активности. Покрај институциите на национално ниво и општините имаат обврска да реализираат активности за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво.

Според Законот за еднакви можности на жените и мажите, единиците на локалната самоуправа се обврзани, во рамките на своите надлежности, да го почитуваат и применуваат принципот на еднакви можности. Ова подразбира промовирање и унапредување на еднаквите можности меѓу жените и мажите преку преземање основни и посебни мерки, како и изготвување на годишен план за нивна реализација. Дополнително, општините се должни да го инкорпорираат принципот на еднакви можности во своите стратешки планови и буџети, да ги следат ефектите и влијанието на своите програми врз жените и мажите, и редовно да известуваат преку годишните извештаи. Тие, исто така, треба активно да учествуваат во подготовката на стратегијата за родова еднаквост, особено во делот што се однесува на единиците на локалната самоуправа. Покрај тоа, општините се обврзани да формираат комисии за еднакви можности и да назначат координатори за оваа област.

Во последните две години, под влијание на анти-родовите здруженија и активисти, дел од општините направија измени и дополнувања во своите годишни програми за еднакви можности и интервенираа во родовата терминологија. Притоа, родовите концепти и терминологија се сведени исклучиво на половата димензија, што значително го ограничува поширокото значење и примената на концептот на родова еднаквост.



Имајќи го предвид ова, НВО Инфоцентарот, со партнерските организации (Спектар од Крива Паланка, Организација на жените од Струмица, Граѓанската иницијатива на жени од Свети Николе и Активо од Велес) спроведе мониторинг за да провери дали општините имаат годишни програми и стратешка рамка за родова еднаквост, како и дали се направени измени во програмите од аспект на родовите концепти и терминологија. Мониторингот го опфати периодот од 2022 до 2024 година (заклучно со септември), а се реализираше во осум општини – Крива Паланка, Куманово, Велес, Струмица, Свети Николе, Лозово, Босилово и Ново Село. До сите општини беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер, а дополнително беа истражени и интернет-страниците на општините, како и објавите во медиумите кои се однесуваат на темите поврзани со мониторингот и мониторираните општини.

Оваа активност е реализирана во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, поддржана од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.



# 2. Клучни наоди

Иако, сите општини имаат обврска да ја интегрираат родовата еднаквост, во согласност со законот за еднакви можности и релевантните стратешки документи, мониторингот покажа дека реализацијата на локално ниво е нерамномерна и со значителни разлики меѓу општините.

Повеќето од мониторираните општини немаат сопствена стратешка рамка за унапредување на родовата еднаквост, но речиси сите имаат годишни програми за еднакви можности. Во исто време, иако во општините постојат комисии за еднакви можности, тие не се ниту многу активни, ниту доволно транспарентни. Ретко се состануваат, а ниту една општина не достави записници од нивните состаноци во изминатите три години.

Дури пет општини (Струмица, Куманово, Свети Николе, Босилово, Ново Село) во текот на 2023 година направиле измени и дополнувања во своите годишни програми и терминот „род“ го замениле со „пол“.  Овие измени не се само јазични, туку се концептуални. Ваквата промена на родовата терминологија претставува суштинска трансформација на пристапот кон политиките за еднакви можности на локално ниво. Замената на „род“ со „пол“ ја намалува и ограничува способноста на општините да се справат со комплексните родови прашања, а сето ова сериозно ја поткопува родовата еднаквост како стратешка цел. Промените го ограничуваат опфатот на мерките и ги исклучуваат пошироките аспекти на родовата еднаквост, како што се родовите улоги, родовите стереотипи и родово базираното насилство. Ова доведува до маргинализација на ранливите групи, како ЛГБТИ+ заедницата, но и ја намалува одговорноста на институциите за интеграција на родовата перспектива во јавните политики.

1

# Општина Крива Паланка

**Стратешки и годишни документи:** Родовата димензија е вклучена во важни стратешки документи, како што е "Родово одговорната стратегија за одржлив развој", за периодот 2022-2027. Се изготвуваат и годишни програми.

**Комисија за еднакви можности:** Комисијата за еднакви можности не одржала состаноци уште од 2023 година и ова недвосмислено укажува на нејзина недоволна активност.

**Родови концепти и терминологија** – Нема промени, се користи родова терминологија.

2

# Општина Куманово

**Стратешки и годишни документи:** Општина Куманово нема стратегија за родова еднаквост, но има програма на Комисијата за еднакви можности за периодот 2023–2025 година, со акциски план кој ги опфаќа половите перспективи.

**Комисија за еднакви можности:** Комисијата работи според акциски план со три приоритети: институционално јакнење, зголемување на довербата во институциите во врска со полово базираното насилство и иницијативи за советувалишта, како и вклучување на жените од маргинализирани и рурални заедници во креирањето локални политики. Нема информации за бројот и содржината на одржаните состаноци на КЕМ.

**Родови концепти и терминологија** – Термините „род“ и „родова еднаквост“ не се користат во документите, туку се акцентира „половиот концепт“. Програмата користи терминологија која исклучиво се однесува на „пол“ наместо „род“.

3

# Општина Велес

**Стратешки и годишни документи:** Општината нема нова стратегија за родова еднаквост од 2020 година и нема посебни годишни програми за еднакви можности. Активностите за родова еднаквост се интегрирани во годишните програми за социјална заштита.

**Комисија за еднакви можности:** Комисијата за еднакви можности не води записници за состаноци веќе три години, а активностите се насочени кон дефинирање проблеми и предлог-активности во локалната заедница.

**Родови концепти и терминологија** – Нема промени, се користи родова терминологија.

4

# Општина Струмица

**Стратешки и годишни документи:** Општина Струмица беше меѓу првите десет општини во државава која усвои стратегија за родова еднаквост (2017-2020). Процесот за изработка на нова стратегија со поддршка на UN Women времено е стопиран. Општината има годишни програми за еднакви можности.

**Родови концепти и терминологија:** Во 2023 година, годишната програма за еднакви можности претрпе измени од аспект на родовите концепти и терминологијата. Поимот род секаде е заменет со пол. Родовите концепти се сведени само на биолошкиот аспект.

**Комисија за еднакви можности:** Општината има комисија за еднакви можности. Не се доставени записници од состаноците на комисијата, која според добиените информации, се состанува само два пати годишно.

5

# Општина Босилово

**Стратешки и годишни документи:** Општина Босилово има стратегија за родова еднаквост за периодот 2023-2027, а има и годишни програми за 2023 и 2024 година.

**Родови концепти и терминологија:** Во 2023 година, општината ја измени и дополни годишната програма за еднакви можности. Овие измени се однесуваат на родовата терминологија и концепти. Поимот род секаде е заменет со пол и со ова, родовите концепти се сведени само на биолошкиот аспект. Со измените е дефинирано што е маж, а што жена.

6

# Општина Свети Николе

**Стратешки и годишни документи:** Општина Свети Николе нема стратегија за родова еднаквост. Стратегијата е во процес на подготовка. Општината има годишни програми за еднакви можности.

**Комисија за еднакви можност:** Општината има комисија за еднакви можности, која во 2024 година (до септември) не се состанала ниту еднаш.

**Родови концепти и терминологија:** Терминологијата во општинските програми е изменета, заменувајќи го „родов“ концепт со „полов“. Оваа терминологија е усвоена од советот на општината со мнозинство гласови во 2023 година.

7

# Општина Лозово

**Стратешки и годишни документи:** Општина Лозово нема актуелна стратегија за унапредување на родовата еднаквост. Има годишни програми за еднакви можности и програми за работа на комисијата за еднакви можности.

**Комисија за еднакви можност:** Општината има комисија за еднакви можности. Не се оставени записници од нејзините состаноци.

**Родови концепти и терминологија:** Програмите го промовираат концептот на родова еднаквост, недискриминација и интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и програми.

8

# Општина Ново Село

**Стратешки и годишни документи:** Општина Ново село не достави одговор на побараните информации за годишните програми и стратешки планови за родова еднаквост, како и за евентуални измени и дополнувања .

**Родови концепти и терминологија:** Нашето истражување покажа дека општината, по иницијатива на градоначалникот и со поддршка на сите советници, уште во мај 2023, направила измени во родовата терминологија.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.1 Општина Крива Паланка

Општина Крива Паланка ја вклучува родовата перспектива во локалното управување преку мерки, стратегии и активности. Општината ја интегрира родовата димензија во развојните и програмските документи, како и во буџетското планирање. Според информациите од општинската администрација, Крива Паланка е прва општина која започнала со реализација на родово одговорни буџетски форум.

Општината нема измени и дополнувања на програмите за еднакви можности на жените и мажите поради замена на терминот „родова еднаквост", туку го следи концептот на унапредување на родовата компонента. Сите стратешки и програмски документи се во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите, Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 на РСМ и Националниот акцисиски план за родова еднаквост 2022-2024.

Родовата димензија е составен дел од Родово одговорната стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка 2022 – 2027, подготвена во рамки на проектот на UN Women „Промовирање родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија". Стратегијата предвидува континуирано информирање и едукација за правата и за родовата еднаквост, како и редовно собирање родово-разделени податоци во стратегиските области: економски развој, спорт, култура, туризам, е-управување; образование, млади; заштита на животна средина и енергетска ефикасност и социјална и здравствена заштита.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.1 Општина Крива Паланка

Во согласност со овој документ, изготвени се родово одговорни буџети за 2023 и 2024 година кои вклучуваат родови аспекти при креирањето на буџетот, а сите оперативни годишни програми последните две годин имаат родови индикатори. Општината има интерсекторска работна група за родово одговорно стратешко планирање и буџетирање, во која членуваат раководителите на секторите и одделенија, како и други претставници на општинската администрација. Задачата на оваа работна група е координирано планирање и следење на родово орговорните политики и поднесување ивештаи со евалуација за степенот на реализација на родовите индикатори во програмите и стратешките документи.

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности главно се насочени кон интегрирање на родовата перспектива во стратешкото планирање и оперативното програмирање на локалните политики со буџетската алокација на средства, јакнење на локалните капацитети за повисоко ниво на родова рамноправност и организирање активности и дистрибуција на материјали за родова рамноправност. Како што е наведено во Годишниот извештај на единиците на локална самоуправа за напредокот на состојбата за еднаквите можности на жените и мажите за 2022 година, и покрај предвидениот буџет, програмата за 2022 година е целосно финансирана од канцеларијата на UN Women, од каде е обезбедена експертска и менторска поддршка, која продолжила и во 2023 година.

Покрај усогласеноста со развојните документи, годишните програми за еднакви можности на жените и мажите се во согласност и со локалните акциски планови: Локален акциски план за родова рамноправност 2017-2020 и Локален акциски план за родова рамноправност 2021-2023. И во двата документа се дефинирани шест стратешки области: човекови права – недискриминација; подигање на свеста за грижа на жените и мажите за сопственото здравје; жената и одлучувачките процеси во локалната заедница; жената и пазарот на труд; родово базираното насилство и родово одговорно буџетирање.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.1 Општина Крива Паланка

Општината нема измени и дополнувања на програмите за еднакви можности на жените и мажите поради замена на терминот „родова еднаквост“, туку го следи концептот на унапредување на родовата компонента. Сите стратешки и програмски документи се во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите, Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 на РСМ и Националниот акциски план за родова еднаквост 2022-2024.

Координаторката и заменичката координаторка за еднакви можности, како и претставници на општинската администрација, редовно посетуваат обуки, семинари, конференции и панел дискусии организирани од државни институции и невладини организации поврзани со правото на еднаквите можности за сите.

Слаба точка е неактивноста на Комисијата за еднакви можности. Од доставените записници, се гледа дека во 2022 година се одржани само две седници. Во 2023 и 2024 година, КЕМ не одржала ниту еден состанок поради немање кворум и покрај уредно доставени покани за состаноци до членовите.

Општина Крива Паланка има неколку меморандуми за соработка со меѓународни организации и експерти за изработка на претходните и на тековните стратегии за унапредување на родовата еднаквост: Декларација за подобрување и унапредување на положбата на женското претприемништво - Национална платформа за женско претприемништво, со Националниот совет за родова рамноправност, со Асоцијацијата за демократски иницијативи, Полио плус-движење против хендикеп, Телото на Обединетите Нации за родова еднаквост и зајакнување на жените UN WOMEN, Совет на лица со попреченост – Хендикеп плус и Макпетрол АД Скопје.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.2 Општина Велес

Општината Велес нема актуелна стратегија за унапредување на родовата еднаквост: Последниот ваков стратешки документ бил со важност до 2020 година. Оттогаш општината нема подготвено нов стратешки документ за родова еднаквост.

Општина нема ниту посебни годишни програми за еднакви можности на мажите и жените. Еднаквите можности се опфатени во годишните програми за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита. Од анализата на годишните програми за активностите на општината во областа на социјалната заштита, во периодот 2022 - 2024 година, видливо е дека се користи родова терминологија, како на пример, родова рамноправност, родова еднаквост, родово базирано насилство и др. Фокусот е на промовирање на родовата рамноправност, преку различни активности за родова еднаквост – камапања 16 дена активизам против родово базирано насилство, поддршка на сервис за психосоцијална поддршка на лица жртви на семејно насилство и др.

Комисијата за еднакви можности три години не води записници за одржаните состаноци. Од општината наведуваат дека работните средби на координаторот за еднакви можности и КЕМ биле наменски односно се дефинирале клучни проблеми и потреби во локалната заедница, се предлагале активности и се предвидувале буџетски средства за реализација.

Општина Велес има потпишано меморандуми за разбирање со UN Women од 2019 година, со Здружението „Маргини“ и со здружението за родова еднаквост „Една може“од 2021 година.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.3 Општина Куманово

Општина Куманово нема стратегија за унапредување на родовата еднаквост. Унапредувањето на односите меѓу жените и мажите е дел од Програмата на Комисијата за еднакви можности 2023 – 2025 година, со акциски план. Од општината информираа дека програмата не е менувана и дополнувана.

Во програмата, родовиот концепт не се споменува како термин, туку нагласено е дека КЕМ го промовира „половиот концепт на локално ниво и воспоставувањето полово-сензитивни локални политики за еднакви можности на мажите и жените“. Исто така, наместо родово базирано насилство, секаде се користи терминот полово базирано насилство. Во програмата која ни е доставена, се објаснува дека под поимот „жена“ се подразбира лице родено со женски биолошки пол, а под „маж“ лице родено со машки биолошки пол, без разлика на нивната самоидентификација. Интегрирањето и инклузијата се однесува исклучиво на половата перспектива во унапредувањето на рамноправноста на жените и мажите во сите сфери.

Во тригодишниот акциски план на програмата на КЕМ има три приоритети и неколку стратешки цели. Како прв приоритет е наведен институционалниот равој и организациското јакнење на КЕМ преу градење ефикасен и ефективен систем за полова еднаквост, како и изработка на планови за работа. Друг приоритет е зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на полово базираното насилство и поддршка на иницијатива за отворање на регионално советувалиште за жртви на полово базирано и семејно насилство. Трет приоритет е активирање на месните и урбани заедници во прилог на создавање услови за учество на жените од маргинализирани и рурални средини во процеси за креирање и имплементирање локални политики.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.3 Општина Куманово

Од Општина Куманово не ни беа доставени записници од состаноци на Комисијата за еднакви можности, така што немаме увид во бројот на одржани состаноци, ниту активности на ова тело. Единствено ни беше доставен заклучок дека КЕМ ја прифаќа предлог-програмата за еднакви можности 2023 - 2025, како и заклучок за нејзино усвојување од советот на општината.

Исто така, не ни беа доставени информации за меморандуми за соработка на општината со меѓународни организации или експерти за изработка на стратегии за унапредување на родовата еднаквост. Од достапните информации на општинската интернет-страница може да се види дека општината има потпишано меморандуми за соработка со различни ентитети, за различни активности кои ја вклучуваат родовата компонента. Во 2018 година, градоначалникот потпишал Меморандум за соработка со Сојуз – Национален Совет за родова рамноправност и организацијата „Отворена врата“ од Косово. Со меморандумот Општина Куманово му дава поддршка на проектот „Вмрежување за успех“, чија цел била потикнување на родовата рамнотежа преку вклучување на жените и младите во претставување на културните, традиционалните и национални вредности на Косово и Македонија. Истата година, градоначалникот потпишал и Меморандум за соработка со постојаниот координатор на ОН и постојан претставник на УНДП, Луиза Винтон и претставникот на Делегацијата на ЕУ, Никола Бертолини, во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD), која посебно внимание посветува на проекти за општествена вклученост, родова еднаквост, ранливи групи, човекови права и заштита на животната средина. Од оваа програма општината добила грант од 120 илјади евра. Во 2022 година, градоначалникот потпишал и Декларација за подобрување и унапредување на положбата на женското претприемништво со Здружението на бизнис жени, во рамки на проектот „Национална платформа за женско претприемништво”, кофинансиран од ЕУ.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3. 4 Општина Струмица

Во 2017 година, Струмица беше меѓу првите десет општини во државава која подготви и усвои стратегија за унапредување на родовата еднаквост[1], а која се однесуваше на периодот 2017 – 2020 година. По истекот на овој документ, општината го започна процесот за изработка на нова стратегија и тоа, со поддршка на UN Women. Реализирани беа две работилници на кои учествуваа претставници од граѓански организации и останати засегнати страни, но процесот е стопиран заради реакциите во јавноста за предлог-законите за родова еднаквост[2] и за матична евиденција[3]. Според информациите од општината, важноста на меморандумот за соработка со UN Women е веќе истечен. По потпишувањето на нов меморандум, се очекува општината да продолжи со финализација на подготовката на стратегија за еднакви можности на жените и мажите.

Во периодот 2022 – 2024 година, Општината има годишни програми за еднакви можности на жените и мажите (ПЕМЖМ). Според добиените податоци, до 2023 година, Општината при подготовката на годишните програми се раководи од одредбите на Законот за еднакви можности на жените и мажите, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Фото 1).

[1] Стратегија за унапредување на родовата еднаквост во Општина Струмица 2017 – 2020, https://strumica.gov.mk/downloads/ler/2017/Strategija%20za%20unapreduvanje%20na%20rodova%20ednakvost%20Strumica.pdf
[2] Платформа за родова еднаквост, 21.3.2023, https://glasprotivnasilstvo.org.mk/ostra-reaktsija-na-platformata-za-rodova-ednakvost-tsrkvata-podaleku-od-zhenskite-prava/
[3] Мета, 24.6.2022, https://meta.mk/zakonskite-izmeni-za-matichna-evidencija-se-sopnaa-na-rodoviot-identitet/
https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/22.Sl-glasnik.pdf

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3. 4 Општина Струмица



ıасник на општина Струмица стр. 201

**Програма**
**за активностите на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година**

Програмата за активностите на општина Струмица во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Струмица за 2023 година има за цел да ги унапредува еднаквостите помеѓу мажите и жените во Општина Струмица согласно Законот за еднакви можности на мажите и жените, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

*Фото 1: Цел на ПЕМЖМ на Општина Струмица за 2023 година*



**Предмет**: Извештај од седница на Комисијата по точка 21

Комисијата за еднакви можности на седницата одржана на 23.12.2022 година, ја разгледа Предлог- Програмата на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година.

Комисијата констатира дека приоритетни области на Општина Струмица на кои треба да се насочат активностите и интензивира работата во 2023 година за воведување на родова рамноправност се:

- Подобрување на економската положба на жената во Општина Струмица;
- Родово одговорно образование;
- Спречување на родово-базирано насилство.

Комисијата дискутираше и разгледа дел од програмите кои се предложени за реализација во 2023 година и констатира дека во најголем дел се родово сензитивни со одредени системски забелешки кои за следниот буџет треба да бидат адресирани и надминати. Комисијата го разгледа и предлог буџетот и утврди дека родовата компонента е во многу мал дел јасно видлива, но дека сепак постои иако е зависна од толкување и анализа пред да биде јасно видлива. Комисијата утврди и потреба од обуки за родово одговорно буџетирање во секоја функционална единица на општинската администрација со цел да имаат соодветен капацитет за формулирање на родово одговорни програми и буџетирање по однос на истите.

Произнесувајќи се по Предлог-Програмата, Комисијата донесе заклучок со кој на Советот му предлага:

**Да ја донесе Програмата на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година.**

*Фото 2: Извештај од седница на КЕМ на Општина Струмица од 2023 година*

До септември 2023 година, термините - род, родова перспектива, родова еднаквост, родово - одговорно образование, родово - базирано насилство, родов концепт и родови стереотипи се составен дел на програмите за еднакви можности на жените и мажите на Општина Струмица [4]. Користењето на оваа терминологија се забележува и во извештаите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ), при Советот на Општина Струмица (Фото 2).

Во септември 2023 година, повикувајќи се на член 14 од Законот за ЕМЖМ и член 20 од Статутот на Општина Струмица, советот донел одлука за измени на програмата за еднакви можности на жените и мажите[5]. Со измените избришани се зборовите „во согласност со законските одредби“ кои се составен дел на претходните годишни програми. Со овие измени терминот „родово базирано насилство“ се менува во „секаков вид насилство“, „родови норми“ во „норми“ и др. (Табела 1).

[4] https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/22.Sl-glasnik.pdf
[5] Службен гласник на Општина Струмица бр.13, стр.9; https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/13.SL_.-glasnik-br.-13-23.pdf

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3. 4 Општина Струмица

| Терминологија во согласност со законските одредби | Сменета терминологија |
|---|---|
| Родова нееднаквост | Нерамноправност |
| Родов концепт | Концепт за еднакви можности на жените и мажите |
| Родово – базирано насилство | Секаков вид насилство |
| Родово одговорно образование | Образование засновано на еднаквите можности на жените и мажите |
| Родова рамноправност | Рамноправност согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите |
| Родова перспектива | Перспектива |
| Родови норми | Норми |
| Родово – одговорно буџетирање | Буџетирање |
| Родови стереотипи | Стереотипи |
| Родово сензитивен | Сензитивен |
| Спречување на родово базирано насилство | Спречување на семејно насилство |

***Табела 1 : Измени во терминологијата во ПЕМЖМ на Општина Струмица за 2023 година***

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3. 4 Општина Струмица

Од општината не добивме записници од консултации и состаноци на работното тело за измени и дополнувања на програмата, но добивме објаснување дека општината одржала консултативна средба во кабинетот на градоначалникот со сите засегнати страни и дека била договорена повторна средба на комисијата за еднакви можности со претставници од релевантни институции и граѓански организации.
Според општината, измените се договорени на состанок, на кој програмата за 2023 година била детално прочитана, како и дека промените во терминологијата се во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Координаторката за еднакви можности и членовите на КЕМ се состануваат двапати годишно - пред донесување на годишната програма и кога се известува за реализацијата на програмата. Не добивме записници од работните состаноци на КЕМ за периодот опфатен со мониторингот (2022 - 2024 година).



# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.5 Општина Босилово

Од Општина Босилово побаравме информации за минати и/или тековни стратегии за родова еднаквост, како и за процесот на нивна подготовка и усвојување. Добивме одговор дека општината нема ваков вид стратешки документ. Меѓутоа, нашето истражување покажа дека општината има важечка стратегија за родова еднаквост, која го опфаќа периодот 2023 – 2027 година. Не е познато како се одвивал процесот за изработка на стратегијата, односно дали имало консултации со засегнати страни, кој/и учествувал во изработката, колку време траел процесот и др.

Општината има годишни програми за еднакви можности на жените и мажите за 2023 и 2024 година. Програмата за 2023 година се раководи од одредбите на Законот за еднакви можности на жените и мажите, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, од Уставот на Република Северна Македонија и од меѓународните конвенции кои се дел од правниот поредок на државава.



1. **ВОВЕД**

**1.1 Демографски податоци на Општина Босилово**

Според официјалните статистички податоци од спроведениот попис во 2021 година,вкупниот број на резидентно население во Општина Босилово изнесува 11.508. Родовата структура на населението е речиси избалансирана, а најзастапена етничката група е македонската.

**Демографска структура на резидентно население во Општина Босилово според пол и етничка припадност**

| Општина | Пол | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Босилово | Вкупно | 11 508 | 9 762 | 7 | 677 | 16 |
| | Мажи | 5 857 | 4 971 | 0 | 343 | 10 |
| | Жени | 5 651 | 4 791 | 7 | 334 | 6 |

**1.2 Појдовна основа на Програмата**

Родовата рамноправност претставува фундаментално човеково право, загарантирано со највисоките акти на државата. Родовата рамноправност е регулирана во Уставот и други законски прописи и со меѓународни договори кои се составен дел од нашиот правен поредок:

- CEDAW Конвенција на ООН – Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената
- Европска повелба за еднаквост помеѓу мажите и жените
- Устав на Република Македонија, член 9 – граѓаните на Република Македонија се еднкави во слободите и правата независно од полот, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба
- Истанбулската конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство
- Закон за спречување од насилство врз жените и семејното насилство
- Закон за спречување и заштита од дискриминација
- Закон за еднакви можности на жените и мажите

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можностина жените и мажите, Единиците на локалната самоуправа имаат обврска за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот.

*Фото 3: Појдовна основа на ПЕМЖМ на Општина Босилово за 2023 година*

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.5 Општина Босилово

Целите и активностите на оваа програма содржат родово – сензитивен јазик. Термините род, родова перспектива, родова еднаквост, родово - одговорно образование, родово - базирано насилство, родова анализа, родово разделени податоци, родово одговорно буџетирање, се нејзин составен дел.

Појдовната основа на ПЕМЖМ за 2024 година, исто така, е Законот за еднакви можности на жените и мажите и во неа може да се забележи присуство на термините родово - одговорно буџетирање, родово - базирано насилство, родов аспект и родово разделени податоци.

Програмата за 2023 година е креирана во инклузивен процес, со учество на сите засегнати страни – координаторка за еднакви можности, членови на КЕМЖМ, граѓанска организација и активистки од село Босилово. Документот има јасно воспоставени индикатори. За реализација на програмата се предвидени 98.000 денари, од кои 58.000 денари од буџетот на општината. Програмата содржи четири приоритетни области: вклучување на жените во креирање политики и носење одлуки на локално ниво; економско зајакнување на жените; грижа за здравјето на жените и мажите и спречување на родово - базираното насилство.

Појдовна основа на Програмата за ЕМЖМ за 2024 е Законот за еднакви можности на жените и мажите. И во оваа програма може да се забележи присуство на термините родово - одговорно буџетирање, родово - базирано насилство, родов аспект и родово разделени податоци[6]. Средствата за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година се зголемени за повеќе од половина во однос на претходната година, односно на 208.000 денари. Постојат јасно дефинирани индикатори, а целите на програмата се насочени кон: Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на локално ниво; Прибирање на родово-разделени податоци и формирање на база на податоци; Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје; Економско зајакнување на жените и Препознавање и спречување на врсничко насилство (булинг).

[6] Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Босилово за 2024
https://opstinabosilovo.gov.mk/wp-content/uploads/2024/01/%D1%81%D0%BB.%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B1%D1%80.33-2021-2025.pdf

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.5 Општина Босилово

Побаравме информации за евентуални измени и дополнувања на програмите за еднакви можности на жените и мажите. Одговорот од Општина Босилово е дека не се направени промени и следствено на тоа, дека нема ниту записници од иницијативи, состаноци и седници на советот за измени на програмата.

Сепак, нашето истражување покажа дека Советот на Општина Босилово, на седницата одржана на 31 јули 2023 година, донел Програма за измени и дополнувања на постојната ПЕМ[7]. Со измените и дополнувањата изменета е родовата терминологијата и дефинирано е што е маж, а што е жена.



Во ,,Програмата за еднакви можности на жените и мажите на општина Босилово за 2023 година"(,,Службен гласник" бр. ) донесена на 29 декември 2022 се вршат следните измени и дополнување:

1. Во делот Вовед пред 1.1 Демографски податоци на Општина Босилово се додава следната реченица:

   ,,Програмата за еднакви можности на жените и мажите на општина Босилово за 2023 години подразбира креирање на еднакви можности на жените - лице родено со женски биолошки пол и мажите -лице родено со машки биолошки пол, без разлика на нивните внатрешни чувства или самоидентификација"

*Фото 4: Измени и дополнувања на ПЕМЖМ на Општина Босилово за 2023 година*

Со овие измени, сите термини кои во себе го содржат зборот „род" се заменети со зборот „пол" (Табела 2).

[7] Службен гласник на Општина Босилово бр.26 од 31.07.2023, стр.6; https://opstinabosilovo.gov.mk/wp-content/uploads/2024/01/%D1%81%D0%BB.%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B1%D1%80.26.pdf

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.5 Општина Босилово

| Терминологија во согласност со законските одредби | Сменета терминологија |
|---|---|
| Родова структура | Полова структура |
| Родови улоги | Полови улоги |
| Родово – базирано насилство | Полово базирано насилство |
| Родово одговорно образование | Образование засновано на еднаквите можности на жените и мажите |
| Родова рамноправност | Рамноправност помеѓу мажите и жените |
| Родова перспектива | Полова перспектива |
| Родово разделени податоци | Податоци разделени по пол |
| Родова еднаквост | Еднакви можности на мажите и жените |
| Родово – одговорно буџетирање | Полово одговорно буџетирање |
| Родов мејнстрим | Полов мејнстрим |
| Родов пристап | Полов пристап |

***Табела 2: Измени на терминологијата во ПЕМЖМ на Општина Босилово за 2023 година***

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3. 6 Општина Свети Николе

Општина Свети Николе нема стратегија за родова еднаквост. Според информациите добиени од општината, стратегијата за еднакви можности е во процес на подготовка.

Во периодот 2022 – 2024 година, општината има годишни програми за еднакви можности меѓу жените и мажите, во кои е назначено дека се подготвени меѓу другото и врз основа на Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите.

Во август 2023 година, градоначалникот ја извести јавноста дека „еднакви можности меѓу мажите и жените“ наместо „родова еднаквост“, замена на „род“ со „пол“, „родово“ со „полово“ се дел од измените во Програмата за еднакви можности меѓу мажите и жените кои ги усвоиле советниците од Советот на Општина Свети Николе со мнозинство гласови[8]. Советот ги усвоил и дефиниците за поимите „маж“ и „жена“ врз основа на биолошкиот пол без разлика на нивните внатрешни чувства или самоидентификација. Оваа изменета терминологија, која не е во согласност за Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите, се користи и во програмата за 2024 година.

Општината не достави записници од состаноците на работното тело за измени и дополнување на програмите за еднакви можности, а нема ни записници од одржани седници за измени и дополнување на годишните програми за еднакви можности.

Според добиените информации од општината, Комисијата за еднакви можности немала состаноци во текот на 2024 година (заклучно со септември).
Општина Свети Николе има меморандуми за соработка со UN Women.

[8] [1] МИА, 25.6.2023 година, https://mia.mk/index.php/story/%D1%81%D0%B2%D0%B5%D1%82%D0%B8-%D0%BD%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%B5-%D0%B3%D0%B8-%D0%B8%D1%81%D1%84%D1%80%D0%BB%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D0%B8%D0%BC%D1%82%D0%B5-%D1%80%D0%BE%D0%B4-%D0%B8-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0-%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3. 7 Општина Лозово

Општина Лозово нема актуелна стратегија за унапредување на родовата еднаквост.

Во периодот 2022 – 2024 година, општината има годишни програми за еднакви можности меѓу жените и мажите односно годишни програми за работа на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите. Овие програми го промовираат концептот на родова еднаквост и недискриминација на локално ниво, како и вклучување на родовата перспектива во политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа. Според информациите од општината, не се направени измени и дополнувања во годишните програми.

Од општината не добивме записници за консултации со експерти и граѓански организации кои работат во областа на родовата еднаквост, ниту записници од состаноци на координаторот за еднакви можности и комисијата за еднакви можности.

Општина Лозово нема меморандуми за соработка со меѓународни организации или експерти за изработка на стратегии за унапредување на родовата еднаквост.



# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.8 Општина Ново Село

Општина Ново Село не достави одговор на побараните информации за годишните програми и стратешки планови за родова еднаквост, како и за евентуални измени и дополнувања .

Сепак, нашето истражување покажа дека општината, по иницијатива на градоначалникот и со поддршка на сите советници, уште во мај 2023, општината терминот „родова еднаквост“ го заменила со „еднакви можности за жените и мажите“[9]. Со измените и дополнувањата, дефинирано е што е маж, а што е жена: „Под жена се подразбира лице родено со женски биолошки пол, а под маж се подразбира лице родено со машки биолошки пол, без разлика на нивната самоидентификација“.

Од општината не добивме записници за консултации со експерти и граѓански организации кои работат во областа на родовата еднаквост, ниту записници од состаноци на координаторот за еднакви можности и комисијата за еднакви можности.



[9] Сител, 24.5.2023 година, https://sitel.com.mk/novo-selo-utvrdi-shto-e-mazh-shto-zhena